РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. **09 – 870/3**
Дата: **02.12.2021г.**

Врз основа на член 44, став 7 од Законот за Урбанистаичко планирање (Сл. Весник Бр. 32/2020) Градоначалникот на општина Радовиш по доставен предлог за одобрување на Планска програма, Ви доставува предлог за одобрување на Планска Програма за изработка на Урбанистички План вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, со проектен опфат: КП -744, КП-746, и дел од КП 1134, КО Сулдурци во Општина Радовиш.

По предлог за одобрување на Планска Програма од страна на Комисијата за урбанизам, Градоначалникот го донесува следното:

РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА Планска Програма во е-урбанизам со број на постапка: 35924 за изработка на Урбанистички План вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, со проектен опфат: КП - 744, КП - 746, и дел од КП 1134, КО Сулдурци во Општина Радовиш, со тех. бр. 03-81/2021, септември 2021, изработена од ДПТУИ ИДЕА КОНСАЛТИНГ дооел Струмица, за потребите на ДПТУ АГРОДИВИС ДОЕЕЛ СКОПЈЕ, ДПТУ ВАРОШ АГРАР КОМПАНИ ДОО СТРУМИЦА

.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До општина Радовиш доставено е барање за одобрување на Планска Програма за изработка на Урбанистички План вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, со проектен опфат: КП - 744, КП - 746, и дел од КП 1134, КО Сулдурци во Општина Радовиш, за потребите на ДПТУ АГРОДИВИС ДОЕЕЛ СКОПЈЕ, ДПТУ ВАРОШ АГРАР КОМПАНИ ДОО СТРУМИЦА.

Во прилог на барањето е доставено:

Планска Програма за изработка на Урбанистички План вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, со проектен опфат: КП - 744, КП - 746, и дел од КП 1134, КО Сулдурци во Општина Радовиш.

Планска Програма со тех. бр. 03-81/2021, изработена од ДПТУИ ИДЕА КОНСАЛТИНГ дооел Струмица,

Ажурирана подлога со граница на плански опфат.

Од страна на Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Радовиш, со Решение бр.26 - 639/1 од 26.04.2021год. беше разгледана доставената документација на Планска Програма за изработка на Урбанистички План вон опфат на урбанистички план со класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, со проектен опфат: КП -744, КП-746, и дел од КП 1134,

КО Сулдурци во Општина Радовиш, по што истата е потпишана и доставена до Градоначалникот со Предлог за одобрување на Планска Програма бр. 26-870/2 од 10.11.2021 год.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

Упатство за правно сртедство: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот наприемот на реѓшението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлажен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден.административни такси.

Доставено до
Барател
Архива

Изработил
Сузана Ѓоргиева

Градоначалник
Ацо Ристов